Regional Centre for Forestry and Rural Development
www.refordcentre.org
contact@refordcentre.org

# Повик за ангажирање на

Продукциска компанија за изработување на едно видео и две анимации за подигање на јавната свест на тема ,,Нелегални шумски активности’’

**Проект: Борба против нелегални шумски активности**

## Опис на работни задачи

## 1. Вовед

Нелегалните шумски активности опфаќаат девијантни појави во шумарскиот сектор кои во најголем дел се однесуваат на нелегалната сеча како појава со најголемо негативно влијание по шумите како природен ресурс од посебен интерес за целото општество како и низа на други појави: непочитување на законските одредби, корупција, злоупотреба на службена положба, несовесно вршење на службата итн.

Нелегалната сеча вклучува незаконско копачење на шуми за други намени на земјиште како што се земјоделство, рударство или инфраструктура, во праксата позната како „нелегална трансформација на шума и шумско земјиште“. Друг аспект на нелегалната сеча е „бесправно сечење на дрвја“ што вклучува поединци кои често пати сечат шума за препродажба или за сопствена потреба (шумска кражба). Нелегалната сеча опфаќа и сеча на шума од лица од својот имот без соодветна документација (дозвола за сеча, доказ за сопственост итн) заради предизвиците и неможноста да ги исполнат сите административни процедури и барања од Законот за шуми.

Нелегалната шумска сеча на меѓународно ниво се дефинира како сеча, преработка, транспорт, купување или продажба на дрво во спротивност со националните и меѓународните закони. Нелегалната сеча има разорно влијание врз шумите воопшто, биодиверзитетот и врз луѓето кои живеат во и околу нив и се потпираат на ресурсите што ги обезбедуваат шумите.

Корупцијата се смета за еден од главните двигатели на нелегалнта сеча и најважниот фактор кој ја овозможува незаконската трговија со дрво. Таа се протега и може да се сретне низ целиот ланец (Value chain) на движење на производот во шумарството. Корупцијата е обично поттикната од недостаток на институционален капацитет за следење и спроведување на постапките предвидени со постојната законска рамка и внатрешна регулатива или пак намерно неспроведување на истата. Честопати таа е придружена со коруптивни плаќања на клучни функционери и политичари за да делуваат на намалување на фунционалноста на системот, со што економски ја ослабуваат државата и ја лишуваат од витални природни ресурси. На овој начин се стимулира зајакнувањето на тн. маѓепсан круг на слабо владеење и корупција.

На локално ниво, нелегалната сеча е највидливиот дел од еколошкиот криминал, кој е невозможно да се одржи без знаење и „согласност“ на оние кои треба да го потиснат.

Проектот ,,Борба против нелегални шумски активности” е финансиран од USDA (United States Department of Agriculture) и се спроведува од Регионален центар за шумарство и

рурален развој – РЕФОРД, во непосредна соработка со USFS (United States Forest Service).

За таа цел проектот има потреба од ангажирање на продукциска компанија за концепирање и изработка на едно видео и две анимации, во склоп на спроведување на **Национална јавна кампања за подигање на јавната свест на тема ,,Нелегални шумски активности''**.

## 2. Цел на националната јавна кампања:

Да го едуцира и подобро информира населението и релевантните засегнатите страни за негативното влијание од нелегалните шумски активности, но и да ги охрабри да преземат чекори за соодветен придонес во справувањето со нелегални активности и корупција во секторот шумарство.

### 2.1. Обврси на понудувачот

- **Изработка на едно видео со времетраење до 40 секунди**
  Концепт на видео: Продукција на видео кое треба да вклучува: локација утврдена според претходно утврдено сценарио со еден статист со улога (дете на возраст од 8 години); дополнителни снимки од дрон на одредена локација низ Македонија; воведна и одведна графика.
- **Продукција на две анимации со времетраење минимум 40 секунди,** кои треба да вклучат: 2Д графичка анимација, графички елементи купени од сток, музика купена од сток. Анимациите да бидат подржани со ВО, со нарација на македонски јазик. Секоја од анимациите да почнуваат со кадар од првото видео (тоа да не се брои во времетраење на анимацијата).
- Видеата да бидат со нарација на македонски јазик, а титлувани на албански и англиски јазик. Да вклучуваат воведна и одјавна графика.
- Понудувачот е должен да ангажира преведувач за текстот на албански и англиски јазик.

Избраниот понудувач од страна на нарачателот ќе добие информативна содржина која треба да биде користена за време на јавната кампања.

За време на процесот на подготовка и реализирање на кампањата понудувачот е должен да ги следи насоките за комуникација, брендирање и видливост на проектот од страна на нарачателот и одговорното лице од проектот.

### 2.2. Времетраење на јавната кампања

Ангажманот е во времетраење од четири (4) месеци, предвидено е  да се спроведува во период од**15 февруари 2024 година до 15 јуни 2024 година**.

## 3. Начин и услови за пријавување

На повикот можат да се пријават сите правни лица со основна (примарна) дејност во областа на продукција и ги исполнуваат долунаведените правно-нормативни и технички услови.

### 3.1. Технички карактеристики и критериуми за понудувачите

Избраниот понудувач потребно е да ги исполни следните услови и барања:

1) активно да работи на пазарот најмалку 3 (три) години, што се докажува со доставување на тековна состојба од ЦРСМ, не постара од шест месеци;
2) да достави изјава за сериозност на понудата;
3) да има реализирано минимум 3 (три) видеа и анимации за подигање на јавната свест;
4) да има искуство и претходна соработка со странски донатори и граѓански организации, што може да се докаже со доставување на соодветно портфолио или листа од реализираните проекти или продукти;
5) да делегира лице или лица за непречена комуницирање со нарачателот на дневна основа;
6) да ги следи и почитува насоките дадени од страна на одговорното лице или лица од страна на нарачателот.

### 3.2. Финансиски надомест

**Финансиската понуда** потребно е да има распределба на износите (поединечно по ставки) и да биде изразена во американски долари (USD), а исплатата ќе се врши во македонски денари (МКД) по проектен курс.

### 3.3. Рок за пријавување

Бараните документи мора да бидат испратени по електронска пошта не подоцна до **22.01.2024, 16.00 часот** на следната електронска адреса contact@refordcentre.org **со содржина на порака**: ***Јавна кампања/Продукција -ФИФА***

### 3.4. Начин и критериуми за избор на понудувач:

Комисијата за избор на најповолен понудувач при евалуација на пристигнати понуди ќе се води според следната методологија за избор:

- понудена цена: 60 поени;
- работно искуство: 40 поени;

**Вкупно: 100 поени.**

### 3.5. Консултации за појаснувања

Поставување на дополнителни прашања може да се пратат на електронска адреса contact@refordcentre.org најдоцна до **18.01. 2024 година**.

# 4. Прилози

## Прилог 1: Финансиска понуда

***Забелешка:***

- *проектот не е ослободен од данок, доколку сте даночен обврзник во финансиската понуда да биде вклучен ДДВ.*
- *За подобар приказ доколку се потребни дополнителни колони во финансиската понуда, понудувачот има за право да дополни.*

| Р.Б. | Ставка | Количина | Единечна цена USD | Вкупно USD |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Изработка на видео** | | | |
| 1.1 | | | | |
| .. | | | | |
| 2. | **Изработка на 2 анимации** | | | |
| 2.2 | | | | |
| .. | | | | |
| ... | | | | |
| | **ВКУПНО USD со ДДВ** | | | |

Понудивач

------------------------------------